# Реформа на одбраната и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за реформата на одбраната?

Како може родот да се вклучи во реформата на одбраната?

Постконфликтни предизвици и можности

Прашања за реформата на одбраната

Повеќе информации

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како “Toolkit on Gender and Security Sector Reform” од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз оружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во реформата на одбраната, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС**. Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во *Повеќе информации*.

## Зошто родот е важен за реформата на одбраната?

**Реформата на одбраната** повлекува трансформација на безбедносниот сектор на одредена држава така што институциите: се под граѓанска контрола; се придржуваат кон принципите на одговорност и добро владеење; имаат бројно соодветни сили; имаат репрезентативен состав; се обучени и опремени соодветно со нивната стратешка средина и се придржуваат до меѓународниот закон и така придонесуваат за националните и меѓународните цели за мир и безбедност.

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род“ се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол“ се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

Вклучувањето на родот во одбранбениот сектор подразбира донесување на искуството, знаењето и интересите на жените и мажите во процесите за креирање политики и структури за национална безбедност, применување на тие политики (вклучително преку националните и меѓународните операции) и оценка на резултатите. Вклучувањето на родот во процесите за реформа на одбраната е средство за:

### Одговор на различните безбедносни потреби во општеството

- Реформата на одбраната мора ефикасно да одговори на потребите на сите во општеството. Безбедносните потреби на луѓето се разликуваат во зависност од фактори какви што се полот, етничката припадност, возраста, физичката способнст, сексуалната ориентација, економскиот статус, државјанството и религијата.
- Родовото насилство (РН) останува значајна закана за безбедноста на луѓето во светот. Мажите исто така се жртви на РН во форми како еднополови масакри, силување и насилство врзано за бандите. Обезбедување заштита за жените, мажите, девојчињата и момчињата за време и после некој конфликт треба да биде приоритет на агендата на која било реформа на одбраната.

### Одговор на променливите потреби на одбранбениот сектор

- Природата на војувањето доживеа далекусежни промени. Одбранбените сили, во многу контексти, се вклучени во комплексни мисии за одржување на мирот и обнова кои бараат вештини какви што се комуницирање, олеснување и соработка со цивилите. Разновидноста во составот на силите и внесувањето на родот во операциите му овозможува на одбранбениот сектор подобро да ги остварува новите задачи поставени пред него (види Пример 1).

| Пример 1 | Мировничките можат да ја зголемат ефикасноста на мисијата бидејќи: |
|---|---|

- Жени во воениот кадар се потребни за да вршат претрес на тело на жени при улични блокади, на аеродроми итн.
- Мажите и жените од локалното население ги доживуваат мировничките како попристапни отколку мировниците.
- Мировничките можат полесно да дојдат до информации од локалните жени, обезбедувајќи вредни разузнавачки информации.
- И мажите и жените кои се жртви на сексуална злоупотреба поверојатно ова ќе им го откријат на мировничките.
- Мировничките им даваат позитивни модели на однесување на локалните жени за приклучување во оружените и во безбедносните сили.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Преземањето иницијатива за вклучување на родовите прашања во реформата на одбраната не е само прашање на оперативна ефикасност; тоа е исто така неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Пекиншката Декларација и Платформа за акција (1995)*
- *Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста (2000)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

- Членови на оружените сили можат да бидат извршители на РН врз цивили како и врз други припадници на оружени сили. Пристап кон промовирање на човековите права кој го зема предвид родот, на пример преку родово чувствителни обуки и воведување кодекс на однесување, може да ги зајакне спречувањето, сеопфатниот одговор и одговорноста.

### Создавање репрезентативни одбранбени сили и безбедносни организации

- Жените се премалку застапени во војската, во министерствата за одбрана и во телата за надзор над одбраната. Дури и без формални препреки, често постои горна граница за напредокот на жените во кариерата.
- Целосното вклучување на жените во оружените сили ја максимизира способноста на војската да ја изврши својата улога во заштитата на демократските општества, вклучувајќи ја одбраната на суштинските вредности какви што се државјанството и еднаквоста.

### Зајакнување на демократскиот, граѓански надзор над одбранбените сили

- Клучен аспект на реформата на одбраната е зголемениот граѓански надзор. Вклучувањето на жените и експертите за род во телата за надзор над одбраната може да помогне одбранбените политики и програми да одговорат на посебните потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Граѓанските организации на жените можат да внесат холистичко разбирање на безбедноста во процесите на цивилен надзор.

## Како може родот да се вклучи во реформата на одбраната?

Родовите прашања треба да се третираат низ политичките, институционалните, економските и општествените нивоа на реформа на одбраната.

### Вклучување на родот во политичкото ниво на реформата на одбраната

- Обезбедете дека жените и мажите со експертски знаења за родот и претставниците на владините министерства одговорни за прашањата на правата на жената, родот и младите, се дел од телата за ревизија на одбраната.
- Изградете го родовиот капацитет на телата за ревизија на одбраната низ обука, брифинзи за родот и безбедносните прашања, менторски програми итн.
- Изградете го капацитетот на организациите на граѓанското општество (ОГО), вклучувајќи ги и организациите на жените, за прашањата на одбранбената политика и надзорот над безбедносниот сектор. Воспоставете механизми за зголемување на нивното учество во процесите на реформа на одбраната.
- Стимулирајте ја дебатата за националната визија за одбрана и безбедност низ:
  - Консултации со граѓанското општество, вклучувајќи ги и урбаните и руралните женски организации
  - Парламентарни расправи и отворени дебати
  - Ангажман на медиумите.

| Студија на случај 1 | Зголемување на регрутирањето, задржувањето и распоредувањето на жените во унгарските оружени сили[1] |
|---|---|

Унгарија успешно го зголеми учеството на жените во нејзините оружени сили од 4,3% во 2005 на 17,56% во 2006. Со оглед на тоа дека борбените позиции беа отворени за жените во 1996 година, жените можат да бидат на која било позиција во унгарските оружени сили. Меѓу унгарските стратегии за зголемено регрутирање, задржување и распоредување на жените спаѓаат:

- Законот за воена служба кој ги поддржува еднаквите права на мажите и жените и гарантира недискриминаторско напредување врз основа на професионалните вештини, искуството, достигнувањата и времето поминато во службата.
- Тим за еднакви можности и План за еднакви можности во кадровското одделение.
- Комитет за жените во унгарските одбранбени сили, востановен во 2003 година за да обезбеди еднакви можности за мажите и за жените. Комитетот спроведува истражување и се состанува со жените-војници за да се стекне со искуство врз основа на кое подготвува анализи за статусот на родовата еднаквост, опфаќајќи ги проблемите и препораките за промена.
- Мрежа од фокусни точки за женските прашања на ниво на единици.
- Чекори за подобрување на одморот и хигиенските услови во единиците.

| Студија на случај 2 | Кодекс на однесување за оружените и безбедносните сили на Гана[2] |
|---|---|

Гана редовно испраќа сили во мисиите на ОН и ги има вклучено стандардите на ОН за однесување на оружените сили во мировни операции во својот национален кодекс на однесување:

**Сексуално искористување и злоупотреба** – следново мора да се избегне:

- *Каква било размена на пари, вработување, стоки или услуги за секс*
- *Какви било сексуални активности со деца (личности на возраст под 18 години)*
- *Каква било друга форма на понижување, деградација или експлоатирачко однесување*
- *Каква било сексуална услуга во замена за помош...*
- *Какво било сексуално несоодветно однесување кое им наштетува на имиџот, кредибилитетот, непристрасноста или интегритетот на силите што ве распоредиле.*

***Машко/женски односи*** *– Да се охрабруваат здрави и професионални интеракции меѓу мажите и жените. Меѓу војниците да не се охрабруваат неморални односи.*

***Правила на Кодексот на однесување*** *– Не влегувај во неморални чинови на сексуална, физичка или психолошка злоупотреба или експлоатација. Почитувај ги и води сметка за [sic] човековите права на сите.*

### Вклучување на родот во институционалното ниво на реформата на одбраната

- Активно регрутирајте ги жените во безбедносните структури и осигурајте се дека жените се застапени во телата што одлучуваат за одбраната. Ревидирајте ги и изменете ги политиките што го ограничуваат учеството на жените и мажите, вклучувајќи ги и ограничувањата за учество на жените во борбени дејства или за достигнување на највисоките чинови (види Студија на случај 1).
- Применете политики пријателски настроени кон семејството – на пример соодветно породилно отсуство за мајката и таткото и обезбедување објекти за доење и градинки.
- Осигурете се дека военото образование и обука ги третираат чувствителноста кон различните култури, граѓанската одговорност, човековите права и родовата одговорност.
- Создадете, спроведете и набљудувајте ги кодексите на однесување за кадарот во одбранбените сили со кои се забрануваат сексуалната дискриминација, вознемирувањето и експлоатацијата и злоупотребата (види Студија на случај 2).

### Вклучување на родот во економското ниво на реформата на одбраната

- Спроведете родова анализа на буџетот на одбраната за да се подобри транспарентноста, одговорноста и управувањето со јавните финансии на одбранбениот сектор (види Пример 2).
- Изградете го капацитетот на парламентарците и на граѓанското општество за спроведување родова анализа на буџетот на одбраната.

| Пример 2 | Прашања што треба да се поставаат како дел од родовата анализа на буџетот на одбраната: |
|---|---|

- Дали општите алокации подеднакво придонесуваат за безбедноста на жените, мажите, момчињата и девојчињата?
- Дали во буџетот се издвоени посебни средства за жените, мажите девојчињата и момчињата? (на пример средства за регрутирање повеќе жени; за породилно отсуство на мајките и на татковците; за здравствени услуги за мажите и за жените)
- Дали буџетот определува родово одговорни активности, придонеси и трошоци? (на пример за обука за подигање на свеста и поголема чувствителност за родот )

### Вклучување на родот во општественото ниво на реформата на одбраната

- Портретирајте ги во медиумите жените во одбранбените сили за да ја потенцирате дополнителната вредност што жените ја донесуваат во одбраната и за да го смените начинот на кој општеството гледа на одбранбените институции.
- Поврзете се со ОГО, вклучувајќи ги организациите на жените, кои работат на прашањата на мирот и безбедноста со цел да добиете увид, разузнувачки информации и да поставите патишта за соработка.

**Исто така достапно во Алатка 3...**

- Совети за вклучување на родот во процесите на ревизија на одбраната
- Начини на кои парламентарците можат да ја следат реформата на одбраната
- Совети за зголемено регрутирање и задржување на жените
- Примери за тоа како родовите прашања се третирани при реформата на одбраната во Демократска Република Конго, Естонија, Фиџи, Латинска Америка, Јужноафриканската Република и Шведска.

## Постконфликтни предизвици и можности

Реформата на одбраната е важен аспект од постконфликтната стабилизација. Разоружувањето, демобилизацијата и реинтеграцијата (РДР) на поранешните борци, во многу случаи е итен приоритет. Имајќи предвид дека жените се и учеснички и жртви во кој било конфликт, важно е да се земат предвид нивните посебни потреби и улоги, а нивното целосно учество да биде обезбедено од почетокот на мировниот процес, преку РДР до РБС.

### Можности за вклучувањето на родовите прашања

- Широки консултации за одбраната и РБС, со кои се опфатени и организациите на жените, помагаат да се утврди национален консензус за приоритетите во реформите.
- Мажите „адвокати на родот“ во војската и на други влијателни позиции можат да бидат моќни партнери за промени.
- Процесот на проверка за новите национални армии има полза од консултациите со женските групи и со жените - поранешни борци, кои често можат да дадат информации за извршителите на кршења на човековите права.

*Во процесите за РДР:*

- Експерти по родови прашања треба да бидат вклучени во планирањето, спроведувањето и проценката.
- Сиот кадар вклучен во РДР треба да помине обука за родови прашања за да може да ги планира, спроведе и процени програмите на родово одговорен начин.
- Податоци распределени по пол мора да бидат собрани и употребени за да се добие јасна слика за сите поранешни борци, издржувани лица и други лица поврзани со оружените групи.
- Организациите на жените треба да добијат информации за техничките и процедуралните аспекти на РДР, за да можат да се осигураат дека жените учествуваат во одлучувањето и ги разбираат своите права.
- Може да се преземат иницијативи за да се регрутираат жените – поранешни борци во безбедносните сили.

## ? Прашања за реформа на одбраната

Родот може да биде вклучен во реформата на одбраната со цел да се зголеми нејзината ефикасност. Меѓу клучните прашања што треба да се постават како дел од проценувањето, набљудувањето и оценката на процесите спаѓаат:

- Дали се спроведени консултации за да се осигура дека агендата за реформата на одбраната ги одразува грижите на жените и на маргинализираните мажи? Дали ОГО се вклучени во процесите за ревизија на одбраната?
- Има ли иницијативи за изградба на родовиот капацитет на телата за ревизија на одбраната, парламентарците и ОГО вклучени во надзор над одбраната, од типот на родова обука и брифинзи за родот и безбедносните прашања?
- Дали се поставени цели и дали се стапени во сила механизми за зголемено регрутирање, задржување и напредување на жените во безбедносните структури вклучувајќи ги оружените сили и министерството за одбрана?
- Дали има конкретни мерки, вклучувајќи и кодекси на однесување, механизми за набљудување и пријавување за да се спречат, да се одговори на и да се казнат сексуалното вознемирување и кршењето на човековите права од страна на кадар од одбраната?
- Дали родовите прашања се вклучени во стандардната обука за кадарот во сите нивоа на одбраната? Дали обуката за подигање на свеста за родот и сексуалната експлоатација и злоупотреба е задолжителна за сиот кадар? Дали мажите се вклучени во држењето на обуката? Колку е обуката добро обезбедена со ресурси?
- Дали заштитата на жените, мажите, момчињата и девојчињата од сите форми на РН за време и по конфликтот е приоритед на агендата за реформа на одбраната?
- Дали е спроведена родова анализа на буџетот на одбраната?

## Повеќе информации

**Извори**


Anderlini, S.N. with Conaway, C.P. – **Negotiating the Transition to Democracy and Transforming the Security Sector: The Vital Contributions of South African Women**, 2004.

Committee on Women in the NATO Forces – **CWINF Guidance for NATO Gender Mainstreaming,** 2007.

DPKO – **Gender Resource Package,** 2004.

UN-INSTRAW – **Securing Equality, Engendering Peace: A Guide to Policy and Planning on Women, Peace and Security (UN SCR 1325),** 2006.

UNIFEM – **Getting it Right, Doing it Right: Gender and Disarmament, Demobilisation and Reintegration,** 2004.


**Организации**
ACCORD – www.accord.org.za
DCAF – www.dcaf.ch
Institute for Security Studies – www.issafrica.org/
Siyanda: Mainstreaming Gender Equality – www.siyanda.org
UN-INSTRAW – www.un-instraw.org

**Збирка алатки за родот и РБС**

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.

**Оваа Практична белешка беше подготвена од Мугихо Такешита од DCAF, врз основа на Алатка 3 чии авторки се Черил Хендрикс и Лорен Хатон од Институтот за безбедносни студии.**

[1] Committee on Women in the NATO Forces and the Women's Research & Education Institute, 'Percentages of Female Soldiers in NATO Countries' Armed Forces'; Committee on Women in the NATO Forces, 'Percentages of Military Service Women in 2006', and 'Hungarian National Report for 2006'.

[2] Extract from presentation by Klutsey, E.A. (Col.)l on the Code of Conduct of Ghana, presented at the Preparatory Meeting on the Draft West African Code of Conduct for the Armed and Security Forces, Oct. 2005, pp. 24-26, http://www.dcaf.ch/awg/ev_accra_051024_presentation_Klutsey.pdf